

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец јули 2025

Датум: 06.08.2025
Сектор Инвестиции

SAVA PENZISKO

## Содржина


1. УНИ Банка АД Скопје ........................................................................................................................ 3
2. УНИ Банка АД Скопје ........................................................................................................................ 5

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец јули 2025 година, се одржаа две акционерски собранија на: **Универзална инвестициона банка АД Скопје,** компанија во која ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус поседуваат акции и согласно Правилникот Друштвото имаат обврска за присуство и известување.

# 1. УНИ Банка АД Скопје

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. УНИ Банка АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **УНИ Банка АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **4,92%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,24%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 04.07.2025 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>1. Отворање на Собранието<br>2. Избор на работни тела на Собранието<br>- избор на Претседавач на Собранието;<br>- избор на бројач на гласови;<br>- избор на записничар.<br><br>**Работен Дел**<br>1. Предлог - Одлука за именување членови на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и<br>2. Разно. | |
| *Претставници на Собранието* | Горјан Анастасов | |

II. **УНИ Банка АД Скопје**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на УНИ Банка АД Скопје, се одржа на 04.07.2025 година со почеток во 11 часот во просториите на Банката на ул. Максим Горки бр.6, Скопје.
Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на УНИ Банка АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Отворање на Собранието
2. Избор на работни тела на Собранието
   - избор на Претседавач на Собранието;
   - избор на бројач на гласови;
   - избор на записничар.

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Предлог - Одлука за именување членови на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.

**Гласаше ЗА**

## 1.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на УНИ Банка АД Скопје

На акционерското собрание лично, преку овластен полномошник или преку коресподенција учествуваа акционери кои поседуваа 77,82% од акциите со право на глас. Откако беше констатирано дека се исполнети условите за работа на собранието и се избраа работните тела од Процедуралниот дел се премина на работниот дел од Дневниот ред.

Во Работниот дел од Дневниот ред сите акционери присутни на собранието позитивно гласаа за Предлог - одлуката за именување членови на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше За предложените кандидати.

За членови на Надзорниот одбор на Банката присутните акционери ги избраа:

- г-дин Светозар Александров Попов – член,
- г-ѓа Ралица Иванова Богоева – член,
- г-дин Јанко Ангелов Караколев – член, и
- г-дин Дејан Кнезовиќ - независен член.

Предложените кандидати Светозар Александров Попов, Ралица Иванова Богоева и Јанко Ангелов Караколев, се лица со работно искуство од областа на финансиското работење, додека

предложениот кандидат за независен член г-дин Дејан Кнезовиќ е адвокат со над 25 годишно искуство во трговското и корпоративното право, консалтинг, помирување и арбитража.

Ново именуваните членови се всушност постојни членови на Надзорниот одбор на Банката, чии мандат истекува годинава. Покрај горе споменатите кандидати членови на Надзорниот одбор на Банката се и г-дин Константин Арнаудов и г-дин Николај Сергеевич Драгомирешким- независен член, чии мандат сеуште трае.
Согласно Статутот на УНИБанка АД Скопје Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 6 члена, а најмалку една четвртина од членовите мора да бидат независни членови. Мандатот на членот на Надзорниот одбор трае четири години, сметано од денот на добивање на претходна согласност од Народна Банка.

Откако се усвои единствената точка од Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерско собрание за затворено.

# 2. УНИ Банка АД Скопје

## 2.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. УНИ Банка АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **УНИ Банка АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **4,92%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,24%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 31.07.2025 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>3. Отворање на Собранието<br>4. Избор на работни тела на Собранието<br>- избор на Претседавач на Собранието;<br>- избор на бројач на гласови;<br>- избор на записничар.<br><br>**Работен Дел**<br>1. Предлог Одлука за издавање на капитален инструмент по пат на приватна | |

| | |
|---|---|
| | понуда (Четврта емисија на Перпетуални обврзници), и<br>2. Разно. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

**II. УНИ Банка АД Скопје**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на УНИ Банка АД Скопје, се одржа на 31.07.2025 година со почеток во 11 часот во просториите на Банката на ул. Максим Горки бр.6, Скопје.
Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на УНИ Банка АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Отворање на Собранието
2. Избор на работни тела на Собранието
   - избор на Претседавач на Собранието;
   - избор на бројач на гласови;
   - избор на записничар (записникот го водеше нотар).

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Предлог Одлука за по пат на приватна понуда (Четврта емисија на Перпетуални обврзници).

**Гласаше ЗА**

## 2.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на УНИ Банка АД Скопје

На акционерското собрание преку овластен полномошник, учествуваа акционери кои поседуваа 77,82% од акциите со право на глас. Откако беше констатирано дека се исполнети условите за работа на собранието и се избраа работните тела од Процедуралниот дел се премина на работниот дел од Дневниот ред.

По единствената точка од работниот дел од Дневниот ред за збор се јави претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, и праша дали издавањето на капиталниот инструмент ќе се користи за откупат на постојните перпетуални обврзница кои ги има веќе издадено Банката. Одговор даде Главниот директор за контрола на усогласеност со прописите, кој напомена дека првичната намера е да се обезбеди зајакнување на капиталната база за натамошен раст и развој на Банката.

Сите присутни акционери позитивно гласаа по Предлог Одлуката за издавање на капитален инструмент по пат на приватна понуда - Четврта емисија на Перпетуални обврзници.
Со одлуката за издавање на капитален инструмент по пат на приватна понуда, се предлага издавање на Перпетуална обврзница во вредност од 5 милиони евра по фиксна каматна стапка од 6% на годишно ниво. Издадениот капитален инструмент ќе се користи како додатен основен капитал од ниво 1, односно ќе се користи за општи корпоративни цели. Обврзниците не се гарантирани т.е. не се покриени со друг вид обезбедувања од страна на Банката или лице поврзано со неа.

Откако се усвои единствената точка од Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерско собрание за затворено.